Врз основа на член 65, став (6) од Законот за животна средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 111/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) и (Сл. Весник на РСМ бр. 89/22 и 171/22), Министерство за транспорт и врски на ден __________ година, донесе

**Одлука за Неспроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ Државна урбанистичко планска документација за изградба на објекти со основна класа на намена А4 - времено сместување-мотел со компатибилни класи на намени на државен (магистрален) пат - А2, КО Вруток, општина Гостивар, кој се носи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина.
2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува Министерство за транспорт и врски на следната веб адреса/и: www.mtc.gov.mk
3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена и формуларите за потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ Државна урбанистичко планска документација за изградба на објекти со основна класа на намена А4 - времено сместување-мотел со компатибилни класи на намени на државен (магистрален) пат - А2, КО Вруток, општина Гостивар, нема да има негативно влијание врз животната средина од следните причини: Согласно со ДУПД може да се врши уредување и користење на просторот со определување на градежна парцела вон плански опфат за градби од прва категорија утврдени со Законот за градење. Определена е поединечна намена-мотел со компатибилни намени, кои ќе ги опслужуваат патниците и возилата, кои се движат по сообраќајниот коридор (исток-запад на Република Македонија), кон охридскиот туристички регион. Во планскиот документ се содржат мерки за заштита од сите аспекти, а овој плански документ нема значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.
4. Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен во рок од 15 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната.

Бр. 67-786/3
Датум: 28.03.2023
Место: Скопје

Министер
Благој Бочварски